РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
УП 1 бр. 14-711
29.03.2018 година
СКОПЈЕ

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“
ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ
СКОПЈЕ
Примено: 30-03-2018
09 667/4

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/00, 44/02, 82/08 167/10 и 51/11), а во врска со член 104 став 2 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“бр. 35/08/, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/13, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15, 145/15, 154/15, 30/16, 120/16 и 127/16), министерството за образование и наука донесе

# РЕШЕНИЕ

**за почеток со работа на студиската програма од прв циклус четиригодишни студии по Старогрчки јазик и античка книжевност (студии по македонски јазик или студии по француски јазик и книжевност) на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**

1. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со работа на студиската програма од прв циклус четиригодишни студии по Старогрчки јазик и античка книжевност (студии по македонски јазик или студии по француски јазик и книжевност) на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

## Образложение

По добиеното, од страна на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование на Република Македонија, Решение бр. 1409-263/12 од 02.03.2018 година за акредитација на студиската програма од прв циклус четиригодишни студии по Старогрчки јазик и античка книжевност (студии по македонски јазик или студии по француски јазик и книжевност) на Филозофскиот факултет, Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје се обрати со барање бр. 09-137/7 од 12.03.2018 година, до Министерството за образование и наука, под наш УП 1 број 14-711 од 15.02.2018 година, за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма од прв циклус четиригодишни студии по Старогрчки јазик и античка книжевност (студии по македонски јазик или студии по француски јазик и книжевност) на Филозофскиот факултет..

Министерството за образование и наука, со решение УП 1 бр. 14-711 од 26.03.2018 година, формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа.

Комисијата на ден 26.03.2018 година, изврши увид и изготви Извештај УП 1 бр. 14-711 од 27.03.2018 година, каде е наведено дека за студиската програма од прв циклус четиригодишни студии по Старогрчки јазик и античка книжевност (студии по македонски јазик или студии по француски јазик и книжевност) на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, се исполнети условите согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/10, 168/10 и 10/11).

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО**: Против ова решение, може да се заведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

МИНИСТЕР
проф. д-р Рената Дескоска

**Доставена до:**
- **Именуваните**
- **Архива**

изготвил: Билјана Зафировска
прегледал: Снежана Лузевска
одобрил: d-r Agim Rushiti